Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

---

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

за работата на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост за 2018 година

Скопје, декември 2018 година

# СОДРЖИНА

1. Вовед ........ 2

2. Активности на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во 2018 година ........ 4

2.1 Конститутивна седница на Координативното тело ........ 4

2.2 Учество на 20-тата сесија на Комитетот на ООН при разгледување на иницијалниот извештај на Република Македонија по Конвенцијата за правата на лицата со попреченост ........ 4

2.3 Изработка на Акциски планови за 2019 година за имплементација на препораките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост ........ 4

2.4 Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост 3-ти декември 5

2.5 Толкување на знаковен јазик на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост ........ 5

2.6 Зајакнување на капацитетите на членовите на Координативното тело ........ 6

2.7 Учество на јавни дебати ........ 6

2.8 Претставки од граѓани и организации ........ 7

## 1. Вовед

Република Македонија ја потпиша Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост на 30-ти март 2007 година, а Факултативниот протокол го потпиша на 29-ти јули 2009 година.

Законот за ратификација на Конвенцијата и Факултативниот протокол беше донесен од страна на Собранието на Република Македонија на 5-ти декември 2011 година, а истите официјално стапија на сила на 22-ри декември 2011 (Службен Весник на РМ, бр.172/2011 од 14 декември 2011 година).

Во Членот 33 од Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост е наведено: „државите потписнички, во согласност со нивниот систем на организација, ќе назначат една или повеќе главни точки во рамките на регулирањето на проблематиката поврзана со имплементација на оваа Конвенција, и ќе обрнат должно размислување за воспоставувањето или за назначувањето на механизам за координација во рамките на регулирањето, со цел да се олеснат поврзаните акции во различни сектори и на различни нивоа“.

Владата на Република Македонија на својата редовна 64 седница од 17.04.2018 година, донесе Одлука за формирање Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија (Сл. весник бр. 69/2018 од 19.04.2018). Со донесување на оваа Одлука, престана важноста на претходното Национално Координативно тело за имплементација на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во Република Македонија формирано во 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.144/12), поради неговата неактивност.

На 71-ва седница одржана на 05.06.2018 година, Владата на Република Македонија го донесе Решението за назначување на претседавач и членови на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост во Република Македонија. За претседавач на телото е назначен советникот на Претседателот на Владата на РМ за образование, социјална и здравствена заштита и институционален систем за лицата со попреченост.

Телото е составено од вкупно 15 члена: двајца претставници од Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, претставници од 11 надлежни министерства: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за правда, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за култура, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за локална самоуправа, како и двајца претставници од граѓанските организации на лица со попреченост, и тоа

претставник од Националниот Совет на инвалидски организации на Македонија и претставник од родителските организации. Претставниците од министерствата и граѓанските организации се всушност фокални точки во рамките на институциите кои ги претставуваат во телото и се одговорни за ефективно и ефикасно извршување на работните надлежности на Координативното тело. Понатаму, ги пренесуваат насоките донесени на седниците на Координативно тело во структурите на министерствата/ организациите, го координираат спроведувањето на активностите и го известуваат телото за планираните и преземените активности. Мандатот на претседавачот и членовите на телото е четири години.

Согласно Деловникот за работа на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, истото претставува национален механизам за координација на мерките и активностите определени со Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост. Освен неговата основна улога за координација на институциите во процесот на спроведувањето на мерките од Конвенцијата на ООН, предлага и доставува мислења за законски и подзаконски акти во склад со нејзините начела. Со својот делокруг на делување, телото директно придонесува за унапредување на човековите права и основни слободи на лицата со попреченост.

## 2. Активности на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во 2018 година

### 2.1 Конститутивна седница на Координативното тело

Конститутивната седница на Координативното тело беше одржана на 22 август 2018 година, во Владата на Република Македонија. Во рамките на конститутивната седница, претседавачот на телото, Спасе Додевски, ги претстави членовите пред присутните и истакна дека ова тело ќе претставува извршен механизам за имплементација на одредбите зацртани во Конвенцијата на Обединети Нации. Учесниците на настанот имаа можност низ дискусија да ги искажат своите ставови и предлози за функционирањето на ова новоформирано тело при Владата на Република Македонија. Во своето обраќање до присутните, Претседателот на Владата, Зоран Заев, ги повика сите институции и организации да се вклучат во грижата за лицата со попреченост. Министерката Мила Царовска на конститутивната седница потенцираше дека треба да се научиме да ги слушаме потребите на лицата со попреченост, да комуницираме отворено за сите прашања, и врз основа на нивните потреби заеднички да ги креираме политиките и мерките.

### 2.2 Учество на 20-тата сесија на Комитетот на ООН при разгледување на иницијалниот извештај на Република Македонија по Конвенцијата за правата на лицата со попреченост

Во септември 2018 година, владина делегација од Република Македонија, во која беа и четворица претставници на Националното координативно тело, учествуваше на 20-тата сесија на Комитетот за правата на лицата со попреченост во седиштето на ООН во Женева, каде се разгледуваше иницијалниот извештај за имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост во Република Македонија.
Комитетот на Обединети нации, по дијалогот со делегацијата на Република Македонија во однос на извештајот, донесе заклучни согледувања со препораки кои државата треба да ги преземе, со цел унапредување на правата на лицата со попреченост.

### 2.3 Изработка на Акциски планови за 2019 година за имплементација на препораките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

Во периодот октомври - ноември 2018 година сите членови на Координативното тело изработија Акциски планови, во кои се опфатени препораките од Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост. Со ова, за прв пат во Република Македонија се прави

обид системски да се уреди имплементација на Конвенцијата на ОН од нејзиното ратификување во 2011 година
Согласно постапката за подготвување на Предлог програмата на Владата на Република Македонија за 2019 година и насоките на Генералниот Секретаријат и Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, преку номинираните членови во телото, на надлежните министри им ги презентираа Акциските планови, кои ги вклучија во програмата за работа на конкретното министерство, и следствено во Годишната програма за работа на Владата за 2019 година.

## 2.4 Одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост 3-ти декември

Во Владата на Република Македонија, на 3-ти декември се одбележа Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во соработка со Националниот совет на инвалидски организации на Македонија. На настанот свое обраќање имаше Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, Спасе Додевски, Националниот координатор за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, шефот на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар и претставникот на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, Чедомир Трајковски.
На овој настан присуствуваа претставници на граѓански организации, институции, амбасадори, како и танчерите на „Денсерс Јунајтед МК" на кои премиерот, Зоран Заев им додели плакети со признание за освоеното прво место хип-хоп танци во паракатегорија на Светското првенство во октомври 2018 година во Полска.
Темата за оваа година беше „Оспособување на лицата со попреченост и обезбедување на инклузивност и еднаквост" која се фокусира на зајакнување на лицата со попреченост за инклузивен, правичен и одржлив развој.

## 2.5 Толкување на знаковен јазик на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост

За прв пат во Република Македонија, Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост е достапна на знаковен јазик за лицата со оштетен слух. Со овој чекор, се почитува правото на пристапност до информации во пристапен формат, назначено во членот 9 - Пристапност и членот 21 – Слобода на изразување и мислење и пристап до информации.
Видеото е изработено од страна на Националното координативно тело, во соработка со Викторија Волак- специјален едукатор и рехабилитатор и сертифициран знаковен преведувач, а со финансиска поддршка на Фондот за население при Обединети нации

(UNFPA). Освен интегрирана верзија на Конвенцијата, изработени се и кратки видеа за секој член посебно, со цел полесен пристап до истите. Сите видеа се достапни на следниот линк: https://www.youtube.com/channel/UCEgrTIGP1qE7OxJh-OJpt3A/videos?view_as=subscriber

Паралелно, во рамките на оваа иницијатива видеото се сними на 100 УСБ мемории, кои ќе бидат дистрибуирано до лицата со оштетен слух и нивните организации и училишта.

### 2.6 Зајакнување на капацитетите на членовите на Координативното тело

Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост при Владата на Република Македонија, во соработка со Канцеларијата на Постојаниот Претставник на ОН во Македонија и Канцеларијата на Високиот Комесаријат на ОН за Човекови Права во Женева, од 5 до 7 декември 2018 реализираа заедничка работилница за членовите на Националното координативно тело. Предавачи на работилницата беа Силва Пешиќ -експерт за човекови права и Catherine Pedreros Puentes - службеник за човекови права во Комитетот на ОН за лицата со попреченост во Женева.

Преку реализацијата на темите во работилницата, членовите на Националното координативно тело ги зголемија своите знаења за: моделите за пристап кон лицата со попреченост, со акцент на пристапот базиран на човековите права, значењето на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, методологијата за изработка на акциски планови и координација на планираните активности, како и соработка со други чинители во тој процес и др.

Реализацијата на оваа работилница, меѓу другото, допринесе и за зацврстување на соработката и партнерството на Националното координативно тело со Канцеларијата на ООН во Скопје и со Комесаријатот за човекови права во ООН , чија експертиза ќе му биде на располагање на телото во иднина.

### 2.7 Учество на јавни дебати

Членови од Националното координативно тело, на покана на Полио Плус, учествуваа на три јавни дебати на тема образование, вработување и здравствена заштита за лицата со попреченост, кои се организираа во рамките на проектот „Маргина Обскура“ со поддршка од ЕУ. Јавната дебата тема: „Состојбите и предизвиците во образованието на лицата со хендикеп“ беше реализирана на 25.10.2018 година во Штип, дебатата на тема: „Погледни ги способностите - состојбите и предизвиците во вработувањето на лицата со хендикеп“ се организираше во Скопје на 18.11.2019 година и дебатата за „Состојбите и предизвиците во остварувањето на правото на здравствена заштита на лицата со хендикеп“ се одржа на 27.11.2018 во Скопје.

Целта на овие јавни дебати беше отворање на поширока дискусија за пристапот до образованието, вработувањето и здравственана заштита на лицата со попреченост,

согласно принципите и одредбите од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

## 2.8 Претставки од граѓани и организации

Во изминатиот период пристигнати се следниве претставки и барања за поддршка до НКТ, и тоа:

- Две претставки од здружението „Полио плус- движење против хендикеп“.
    - Првата вклучуваше наводи за нарушување на правото за лична мобилност на лицата со попреченост, согласно Член 20 од Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост. Поточно, здружението посочи дека остварувањето на наведеното право во одредени ситуации е условено со нивно задолжително членување во здруженија. Во тој контекст се спомена организацијата Мобилност, која како национална инвалидска организација во Република Македонија, овозможува набавка на ортопедски помагала за лицата со телесна инвалидност, со доплата од 1.500 денари, со услов да бидат членови на истата организација.
    - Втората претставка беше нивна реакција по повод новиот предлог Закон за социјална заштита. Според Полио Плус, предложениот текст на законот доста отстапува од Конвенцијата на ОН, и предлагаат пред да биде даден на собраниска расправа, истиот да биде повлечен и доработен од страна на матичното министерство со претходна консултација со организациите на лица со попреченост, индивидуалци со попреченост и докажани експерти во областа на прашањето на попреченост и самата Конвенција.
- Два дописи од страна на Народниот Правобранител на Македонија по однос на погоре наведените претставки на Полио Плус;
- Барање од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет „Мобилност“- ослободување од патарина за возилата на организациите на лицата со попреченост;
- Известувања од страна на Националниот сојуз на глуви и наглуви лица, во контекст на нивните внатрешни организациски случувања во последнава година;
- Претставка од Здружението на толкувачи на знаковен јазик- не исплаќање на хонорарите за преведувачите од страна на институциите кои ги ангажираат;
- Индивидуална претставка од страна на родител на ученик -корисник на инвалидска количка, која посетува редовно средно училиште- барање за овозможување исплата на финансиски средства во висина на автобуските карти, поради непристапност на јавниот градски превоз;
- Барање од страна на др. Славица Трајкова- поддршка при реализација на истражување за научни цели: идентификација на гени инволвирани во нарушувањето на невроразвојот и невродегенеративните заболувања;

- Допис од Националниот Совет на инвалидските организации во Македонија и Националниот сојуз на слепи лица со реакции во однос на новиот предлог Закон за социјална заштита.

Членовите на Координативното тело на редовните месечни седници ги разгледаа сите пристигнати барања и претставки, при што ги препрати барањата/ претставките до соодветните институции. Притоа, во дописот Координативното тело даде свое мислење дали конкретното барање е во согласност со мерките предвидени во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Во зависност од тоа, беше дадена поддршка за реализација на истите. Истовремено, писмено им беше одговорено на сите оние кои имаа испратено барање до Координативното тело.